Бр./Nr 12-2156/2
15-11-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2156/1 од 12.08.2024 година, против Претседателот на Здружението на ---------- на Град Скопје – „-------" преименувано во "----------", -----------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-2156/1 од 12.08.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 12.08.2024 година, поднесена е пријава против Претседателот на Здружението на ----------- на Град Скопје – „---------" преименувано во "-------------", ------------, која е неуредена рачно напишана и оформен е предмет со број 12-2156/1 од 12.08.2024 година. Пријавата е адресирана и до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Во пријавата подносителот посочува на злоупотреби во делот на материјалното и финансиското работење од страна на претседателот на начин што финансиските средства на здружението биле злоупотребени и користени за приватни потреби.

Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.
По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за свое надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk